# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на<br>Општина Ѓорче Петров<br>Излегува по потреба | 27 Јули 2020 година<br>Скопје<br>Бр.6 Год. XV |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


***Содржина:***


1. **Одлука за утврдување на начинот и постапката за донирање и отуѓување на заменетите светилки, светлосни арматури и метални држачи заменети при имплементација на Проектот за модернизација на јавното осветлување во општина Ѓорче Петров.................................................стр.2**


**Јули 2020 година**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на начинот и постапката за донирање и отуѓување на заменетите светилки, светлосни арматури и метални држачи заменети при имплементација на Проектот за модернизација на јавното осветлување во општина Ѓорче Петров**

**Се објавува Одлука за утврдување на начинот и постапката за донирање и отуѓување на заменетите светилки, светлосни арматури и метални држачи заменети при имплементација на Проектот за модернизација на јавното осветлување во општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и четвртата седница, одржана на ден 27.07.2020 година.**

**Број 09-1299/1**
**од 27.07.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/02) и член 62 од Законот за јавните патишта, („Службен весник на Република Македонија бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/115, 31/16, 71/16 и 163/16), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров прочистен текст (Службен весник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) Статутарните одлуки за измена и дополнување на сататутот ( Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Советот на Општина Ѓорче Петров, на 44-тата седница, одржана на 27.07.2020 година, донесе**

## О Д Л У К А
### за утврдување на начинот и постапката за донирање и отуѓување на заменетите светилки, светлосни арматури и метални држачи заменети при имплементација на Проектот за модернизација на јавното осветлување во општина Ѓорче Петров

### Член 1

**Со оваа одлука се утврдува начинот на одобрување на барањата поднесени од правни лица и институции за донација на заменетите светилки, светлосни арматури и метални држачи заменети при имплементација на Проектот за модернизација на јавното осветлување како и начинот за оттуѓување на целосно амортизираните светилки, светлосни арматури и метални држачи.**

### Член 2

**Подносител на барањето за донација на заменетите светилки, светлосни арматури и метални држачи заменети при имплементација на Проектот за модернизација на јавното осветлување може да биде:**

- **Општина, Општина во Град Скопје и Градот Скопје**
- **Месна или Урбана Заедница**
- **Основно училиште, Средно училиште, Високообразовна институција, Здравствена институција и други јавни институции.**
- **Црковен, Џамиски или било кој друг одбор на религиска заедница регистрирана во Р.С.Македонија.**

### Член 3

**Подносителот на барањето од Член 2 на оваа одлука, ќе го поднесе барањето во согласност со начинот пропишан со оваа одлука.**

### Член 4

**Поднесеното барање треба да биде потпишано од страна на овластено лице од институцијата која што го поднесува и архивски заверено како и да го содржи точниот број, тип на потребни светилки со краток опис на локацијата на поставување на светилките и потребата од светилките.**

### Член 5

**Општина Ѓорче Петров врз основа на податоците од барањето ќе направи проценка за оправданоста од бројот на светилки и техничките можности за нивно поставување, а го задржува правото да го прифати или не го прифати бараниот број**

**на светилки од страна на барателот. Доколку нема оправданост може барањето да се одбие, да се прифати во целост или да се прифати делумно со што ќе се одреди бројот на светилки кои ќе ги донира врз основа на бројот на преостанати светилки со кој располага општината.**

**Член 6**

**Со оваа одлука се дава право на Општина Ѓорче Петров оние светилки, светлосни арматури и метални држачи кои се вон функција да ги оттуѓи со вредност не помала од пазарната вредност како материјал кој се третира како електронски или друг вид на отпад со овластени економски оператори.**

**Член 7**

**Средствата обезбедени од отуѓувањето на светилките, светлосните арматури и метални држачи кои се вон функција, ќе бидат уплатени на посебна сметка на Општина Ѓорче Петров, наменета за развој и одржување на парковско зеленило.**

**Член 8**

**Спроведувањето на оваа одлука ќе се изврши од страна на Комисија од 3 (три) члена формирана од градоначалникот на општина Ѓорче Петров во период не подолг од 15 месеци од денот на потпишување на Решението за формирање на Комисијата.**

**Член 9**

**Одлуката стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров".**

**Број 08-1289/3**<br>
**Од 27.07.2020 година**<br>
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**<br>
**Претседател,**<br>
**Илија Спасовски с.р.**